# Идентитети

***Зборник на трудови од***
***Седмиот меѓународен симпозиум***
***„Денови на Јустинијан I“, Скопје, 15-16.11.2019***

Уредник
Митко Б. Панов

Скопје, 2020

Издавач:
Институт за национална историја - Скопје

Уредник:
Митко Б. Панов

Лекторка:
Јордана Шемко Георгиевска

Ликовна и техничка обработка:
Игор Панев

Печати: ДПТУ Контура ДОО Скопје

Финансиски поддржано од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323.1(091)(062)
316.722(091)(062)
323.1(495.02)(062)
316.722(495.02)(062)
305(495.02)(062)

МЕЃУНАРОДЕН симпозиум "Денови на Јустинијан I" (7 ; 2019 ; Скопје)
Идентитети : зборник на трудови од Седмиот меѓународен симпозиум "Денови на Јустинијан I", Скопје, 15-16.11.2019 / уредник Митко Б. Панов. - Скопје : Институт за национална историја = Skopje : Institute of national history, 2019. - 298 стр. ; 23 см
Текст на мак. и англ. јазик. - На наспор. насл. стр.: Identities : proceedings of the 7th International Symposium"Days of JustinianI", Skopje, 15-16November, 2019 / edited by Mitko B. Panov. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-159-96-1

Institute of National History - Skopje

# Identities

***Proceedings of the 7th International Symposium "Days of Justinian I", Skopje, 15-16 November, 2019***

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2020

**Меѓународен научен комитет**

Флорин Курта (Универзитет во Флорида)
Митко Б. Панов (Институт за национална историја, Скопје)
Елизабета Димитрова (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
Драги Ѓорѓиев (Институт за национална историја, Скопје)
Хрвоје Грачанин (Универзитет во Загреб)
Донатела Бијаѓи Маино (Универзитет во Болоња)
Ендрју Роуч (Универзитет во Глазгов)
Ѓузепе Маино (Универзитет во Болоња)
Георги Николов (Универзитет во Софија)
Витомир Митевски (Македонска академија за науки и уметности, Скопје)
Гордана Силјановска (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
Каролин С. Снајвли (Гетисбург колеџ)
Виктор Лилчиќ (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
Александар Спасеновски (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
Јасмина Чириќ (Универзитет во Белград)
Иванка Василевска (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
Мишо Докмановиќ (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
Рубин Земон (Универзитет Евро-Балкан, Скопје)
Јане Коџабашија (Универзитет Евро-Балкан, Скопје)

**Секретари на редакција**

Драган Ѓалевски (Институт за национална историја, Скопје)
Игор Панев (Филозофски факултет, Скопје)

**International Scientific Committee**

Florin Curta (University of Florida)
Mitko B. Panov (Institute of National History, Skopje)
Elizabeta Dimitrova (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
Dragi Gjorgiev (Institute of National History, Skopje)
Hrvoje Gračanin (University of Zagreb)
Donatella Biagi Maino (University of Bologna)
Andrew Roach (Glasgow University)
Giuseppe Maino (University of Bologna)
Georgi Nikolov (Sofia University)
Vitomir Mitevski (Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje)
Gordana Siljanovska (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
Carolyn S. Snively (Gettysburg College)
Viktor Lilčić (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
Aleksandar Spasenovski (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
Jasmina Čirić (University of Belgrade)
Ivanka Vasilevska (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
Mišo Dokmanović ((University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
Rubin Zemon (Euro-Balkan University, Skopje)
Jane Kodjabasija (Euro-Balkan University, Skopje)

**Editorial Secretaries**

Dragan Gjalevski (Institute of National History, Skopje)
Igor Panev (Faculty of Philosophy, University, Skopje)

СОДРЖИНА / CONTENTS

Предговор / Foreword ix

1. Byzantine Identity Interrogated, Declared, Activated
*Anthony Kaldellis* 21

2. Ethnodenialism? Comparing Ethnic Apples to Apples in Byzantine and Medieval Studies
*Alex M. Feldman* 37

3. The Power of a Kiss: Ritual Kissing as an Expression of Social Identity in Byzantine Ceremony
*Ilias Karalis* 54

4. Bureaucratic Identity in John Lydus
*David Rockwell* 65

5. The attitude of Justinian I (527-565) towards the Eurasian nomads. Manipulations and aims
*Georgios Kardaras* 82

6. Byzantine Feminisms in the Age of Justinian
*Larisa Orlov Vilimonović* 91

7. Unlafwful Marriages in Justinian's Novels
*Daniela Toševa* 121

8. Justinian I in the light of inscriptions in Albania
*Fabio Toska* 133

9. *Македонци* и *Бугари* како повеќекратни идентитетски ознаки во концептуалната претстава на Византија
*Митко Б. Панов* 148

10. Идентитетот како средство на византиската дипломатија во времето на Македонската династија (кр. на IX кр. на X век)
*Драган Ѓалевски* 163

11. Political and ethnic identities of the Normans in Macedonia and Byzantium
*Salvatore CostANZa* 173

12. Digenes Akritas: Hero on the border who destroys the borders
*Vitomir Mitevski* 186

13. Nunc edendum est! Пирот на Гобриј и Артаксан во 4-та книга од романот "Rhodanthe et Dosicles" од Теодор Продром
*Маќеј Хелбиг* 191

14. Идентитетите во Хоматијановиот акт бр. 54
*Виктор Недески* 203

15. Count Palaiologos: Family Ties and Alleged Identities in the Expedition of Amadeus VI of Savoy
*Marco Fasolio* 214

16. Средновековните ереси и родовите идентитети помеѓу бенефитите и морално-етичката контроверза
*Маја Ангеловска-Панова* 229

17. The "language of heresy" in Bogomil and Cathar-related texts
*Bojana Radovanović* 242

18. Цингулум од Лихнид и аналогии во византиското ѕидно сликарство
*Бошко Ангеловски* и *Давча Спасова* 256

19. Three in one. Identities through post-Byzantine icons of Saint Demetrius in the Balkans
*Miguel Gallés* 269

20. The Battle od Identity: Abolition of the Archbishopric of Ohrid and the socio-political conditions in the Ottoman Empire
*Gjoko Gjorgjevski* 280

21. From Italy to Balkans: Scientific travels in the Age of Enlightenment
*Giuseppe Maino* 295

22. Црковно-музичката дејност на Јанаки Стојменович
*Мирјана Павловска-Шулајковска* 323

23. Principles of Conservations treatments used in the Icons of the Ohrid Collection
*Angelina Popovska* 328

24. Процена на загрозеноста од елементарни непогоди на православните верски храмови во општина Штип
*Драган Веселинов и Трајче Нацев*

# 24

# Процена на загрозеноста од елементарни непогоди кај православните верски храмови во општина Штип

*Драган Веселинов,* Регионален центар за управување со кризи, Штип
*Трајче Нацев,* Универзитет „Гоце Делчев”, Штип

UDK 551.515.9:271.2 (497.731)

**Abstract:** In general, fires as a potential hazard are noted for all Christian religious temples on the territory of the Municipality of Stip and in most of them as a the only natural hazard. Only a few temples beside the fires, floods and strong winds are also a danger. The fires as a danger in the municipality of Stip based on the Assessment of the threat from all risks and dangers prepared for its territory are of second degree of danger, so the fires in the municipality

are a rare manifestation of endangerment. But despite this qualification and degree of danger, in the event of a larger scale fire in any of the places where there are religious temples this disaster can cause damage or destruction of these buildings. Floods also have a second degree of threat on the territory of the municipality while strong winds have a first degree of threat. Here, too, in the event of their occurrence with greater intensity can lead to damage to those Christian religious temples for which we have emphasized in the text that they are vulnerable to such natural hazards.

Во општина Штип се наоѓаат над педесетина христијански верски храмови (Сл. 1). Немањето конкретна бројка на ваквите храмови се должи на неколку фактори меѓу кои недовршената градба на некои од нив, па се до нивната неосветеност или непризнаеност од страна на Македонска православна црква - Охридска архиепископија.[1] Но и покрај ова сите тие се градени, посетувани и негувани од страна на христијанските верници поради што за нив овие објекти се од посебно значење. Со ова всушност и се потврдува вредноста на христијанските храмови а секако и потребата за нивна заштита од било какви штетни влијанија предизвикани од разни видови на ризици и опасности.[2]

Од интерес на овој труд се елементарните непогоди како дел од севкупните ризици и опасности дефинирани со законски акти. Поради тоа истите ќе бидат презентирани во текстот т.е. ќе биде даден степенот на загрозување од елементарни непогоди карактеристични за територијата на општина Штип и можноста за оштетување или целосно уништување кај христијанските верски хармови при нивни евентуални појави. Утврдувањето на ваквите работи ќе се добие со анализа и процена на Процената на загрозеност од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип како и статистичките податоци за црквите и манастирите во општина Штип од Брегалничката епархија и Картата на верски објекти во Република Македонија. На тој начин и ќе се дадат потребните резултати со кои може да се одредат потребните мерки и активности за заштита на христијанските верски храмови при појава на елементарни непогоди.

Во процената на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип како опасности карактеристични за нејзината територија се наведени пожарите, поплавите, сушите, земјотресите, загадување на вода и почва, температурни разлики и варирања, силни ветрови, поледици и ледени дождови. Меѓутоа сите овие појави немаат ист степен на загрозување односно некои од нив би можеле да предизвикаат значителни оштетувања или пак уништувања на христијанските верски хармови додека други не би имале некакви негативни влијанија кај овие објекти.[3] Поради ова, опасно-

[1] Ваквите тврдења се поткрепени со изјави на одредени ктитори на верските храмови и официјални ставови на Брегалничката епархија односно МПЦ-ОА.

[2] За видовите на ризици и опасности види во член 3 став 2 од *Законот за управување со кризи* (*Службен Весник на Р.Македонија* бр.29, 2005).

[3] Согласно член 6 од Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Републлика Македонија од сите ризици и

стите како што се сушите, загадување на вода и почва, температурни разлики и варирања, поледици и ледени дождови претставуваат појави кои нема да предизвикаат штети или уништувања на христијанските верски хармови, па затоа истите нема да бидат подложени на процена и елаборација во текстот. Кон сето ова би ги доделе и земјотресите за кои се смета дека нема да создадат штети ниту пак да уништат некој од овие објекти бидејќи општина Штип претставува подрачје каде оваа појава е ретка и со слаб интензитет.

Христијанските верски храмови во општина Штип според нивната локација ги делиме на две групи т.е. оние кои се наоѓаат во градот Штип со неговите приградски населби (урбаниот дел на општината)[4] и храмови во селата и нивните атари (руралниот дел на општината).[5]

## Христијански верски храмови во урбаниот дел на оштина Штип

Парохискиот храм „Св. Николај" претставува трокорабна базилика опкружена со тремови од западната, северната и јужната страна кои на катот преминуваат во галерија е подигнат на црква од стари темели, која била изградена 1341 година. Покрај фрескоживописот, црквата има и богато украсен балдахин во олтарниот дел и владичкиот трон во нејзиниот наосо што претставуваат извонредни копаничарски дела. Поради видот на градба, непосредната близина на река Отиња и опкружувањето со други објекти оваа црква е

---

опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи се одредува степен на загрозеност што означува ризик односно состојба со манифестирани појави на загрозеност од одредена опасност. (Прв степен означува редовна состојба (нема ризик); Втор степен означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност); Трет степен означува покачен ризик (можен почеток на криза или кризна состојба); Четврт степен означува висок ризик и веројатност за почеток на криза или кризна состојба; Петти степен означува највисок ризик на загрозеност на виталните вредности (создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба). Степенот на загрозување за сите видови на опасности карактеристични за општина Штип е даден во *Процена на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип*, 2014. Според тоа пожарите, поплавите и сушите се со втор степен на загрозеност додека земјотресите, загадување на вода и почва, температурни разлики и варирања, силни ветрови, поледици и ледени дождови се со прв степен на загрозеност.

[4] *Карта на верски објекти во Република Македонија* (Скопје: Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи, 2011), 26-27.

[5] *Карта на верски објекти во Република Македонија*, 26-27; Трајче Нацев, *Ранохристијанска архитектура во источните области на Република Македонија* (Штип, 2019).

загрозена од појава на пожар, поплава и силни ветрови. Поплавите не би и предизвикале посериозни оштетувања на црквата бидејќи реката Отиња има уредено корито и нема постојан водотек поради што и излевањата нема да бидат со појак интензитет. Кровната конструкција и целокупната градба на црквата е стабилна и од цврст материјал па и најсилните ветрови карактеристични за општина Штип не претставуваат закана која ќе предизвика штета. Единствена опасност што може да предизвика посериозна штета или пак уништување на објектот се пожарите пред се поради опкруженоста со објекти и присуството на дрвен материјал кај самата црква. Истата процена на загрозеноста од елементарни непогоди се одредува и за парохиската црква „Успение на Пресвета Богородица" (19 век), манастир „Покров на Пресвета Богородица" и црквата „Св. Димитрија Солунски", кои се наоѓаат во Ново Село. Единствена разлика кај овие цркви во однос на црквата Св. Николај се јавува разлика само во тоа што тие се во непосредна близна на реката Брегалница која во однос на реката Отиња е со постојан и голем водотек и неуредено речно корито што и самото по себе претставува зголемен ризик и опасност од полава.[6]

За параклисите „Св. Архангел Михаил" Главатов (14 век) и „Св. Архангел Михаил" Фитијата (14 век), како и за црквите „Вознесение Христово – Св. Спас" кај Ново Село (14 век), „Св. Јован Крстител" (14 век), „Св. Бесребреници Козма и Дамјан" и „Св. пророк Илија" е карактеристично тоа што сите се наоѓаат во централното подрачје на градот или во негова непосредна близина и сите овие објекти се со местоположба на доминантно извишување во однос на реката Отиња.

Поради дискутабилноста за видот на храмот кај црквата „Св. пророк Илија" (13/14 век) и неговата запуштеност не е возможна соодветна процена на загрозеност од одредена опасност. Останатите две цркви и двата параклиси поради непосредното и тесно опкружување со објекти (стари маала од збиен тип) во кое се наоѓаат се изложени на опасност од пожари. Кај параклисот „Св. Архангел Михаил" Главатов и црквата „Св. Јован Крстител" поради недоволно цврстата кровна конструкција силните ветрови можат да предизвикаат одредени

[6] Врз основа на податоци добиени од Процена на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип во одредени периоди од годината кога врнежите се постојани и обилни или при нагло топење на снежната покривка доваѓа до забрано зголемување на нивото на река Брегалница. Поради тоа во минатото се случувало и излева на реката на местата во чија близина се и самите цркви бидејќи тие места претставуваат "тесно грло" низ кое поминува водениот тек. Досега не се евидентирани оштетувања кај овие цркви од поплава предизвикана при излевање на реката.

оштетувања. Поради локацијата полавите не претставуваат опасност која би ги загрозила храмовите.

Црквите „Св. Петка“, „Св. Климент Охридски“, „Св. Троица“, „Св. Кирил и Методиј“ (н. Баби), „Св. Троица“ (н.Баби), „Св. Наум“ (н. Караорман), „Св. Богородица“ (н. Балканска), „Св. Петка“ (н. Балканска), „Св. цар Костадин и царица Елена“ (н. Балканска), „Св. Иларион“ (н. Железничка), „Св. пророк Илија“ (н. Три Чешми), параклисите „Отсекување главата на свети Јован Крстител“, „Св. Злата Мегленска“ (н. Три Чешми), „Исусови рани и Богородични солзи“, манастир “Св. Недела“ (Мирјанина црква) врз основа на нивната местоположба, типот на градба и непосредно опкружување со објекти и вегетација се изложени само на опасност од појава на пожар.[7] Параклисите „Св. Ѓорѓи“, „Св. Петка“, „Вера Надеж и Љубов и мајка им Софија“ и покрај нивната близина до брегот на реката Брегалница досега не биле загрозени од поплава а се проценува и дека не постои сериозен ризик од поплава на овие објекти поради широкото и уредено речно корито на потегот на нивната локација. Другите појави на елементарни непогоди не би предизвикале оштетување или уништување на овие објекти.[8]

Во непосредна близина и отворена кон самиот водотек на река Брегалница се наоѓа цркавата „Св. Петка“ (Ново Село). Самиот податок говори дека оваа црква е изложена на опасност од поплави, што во минатото и се случувале кога нивото на реката Брегалница било доста високо.[9] Покрај поплавата, друга опасност која би влијаела негативно на овој објект се и пожарите. Тоа се должи на видот на градбата на црквата и околната густа високостеблеста и нискостеблеста вегетација што го прави објектот ранлив на оваа опасност.

Параклисот „Св. Ѓорѓи Кратовски“ е сместен во дол кој при поројни долготрајни дождови може да биде полавен. Поради ова поплавата претставува опасност која може да го уништи или оштети овој параклис.[10] Од другите видови на опасности не постојат сериозни закани за објектот.

Во парк во централното подрачје на градот се наоѓа цквата „Св Гаврил Велички“. Иако во нејзина близина се наоѓа реката Отиња не

[7] *Процената на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип*, 2014.

[8] Процената на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип е добиен заклучокот дека нема опасност од загрозување од други видови на елементарни непогоди.

[9] *Регионален центар за управување со кризи*.

[10] Процена на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип, 2014.

постојат никави опасности од поплавување на објектот како резултат на уреденото речно корито и непостојаниот речен тек. Но местоположбата на објектот каде тој е опкружен со вегетација и објекти го прави да биде загрозен од појава на пожари.[11] Силните ветрови исто како и поплавите не претставуваат опасност која ќе ја оштети или уништи црквата бидејќи нејзината кровна констукција како и воопшто целата градбата е изградена од цврсти и стабилни материјали.

## Христијански храмови во руралниот дел од општината Штип

Двете цркви „Св. пророк Илија" и „Св. Симеон Столпник" во село Долани врз основа на својата градба, местоположба и околина единствено се загрозени од појава на пожари. Другите видови на елементарни непогоди немаат штетни влијанија кај овие објекти.

Истата процена како за претходните два храма важи и за црквите „Отсекување главата на св. Јован Крстител" и „Св. Петка" во с. Љуботен, „Вознесение Христово" во с. Шашаварлија, „Св. великомаченик Ѓорѓи" во с. Лесковица, „Св. Атанасие Велики" во с. Брест, „Св. Петар и Павле" во с. Лакавица, „Св. пророк Илија" во с. Патрик, „Преполовение (Руса Среда)" во с. Пиперово и манастирите „Св. Пантелејмон" во с. Брест и „Св. Богородица" во с. Пиперово.[12] Црквата „Св. Теодор Тирон" која се наоѓа во селото Пиперово и покрај зачуваниот иконостас претставува градба која е во лоша состојба и распаѓање. Поради ваквата специфична состојба на објектот утврдувањето на релевантна процена на загрозеност од елементарни непогоди кај истиот е отежнато. Но ако извршиме анализа врз неговата местоположба, градба и непосредна околина, овој верски храм е загрозен од опасности како што се пожарите и силните ветрови.[13]

Сите седум верски храмови кои се наоѓаат во селото Судиќ единствено се загрозени од појава на пожари.[14] Другите видови на елементарни непогоди не претставуваат опасности кои би предизвикале некакви оштетувања или пак уништувања на овие објекти.

И црквите „Св. Петка" во с. Сарчиево, „Св. Ѓорѓи" и "Свети Илија"

[11] Истото.

[12] *Процена на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Штип,* 2014.

[13] Исто.

[14] Исто.

во с. Пухче се изложени само на опасност од појава на пожари.[15] Негативни влијанија кај овие верски храмови од останатите појави на елементарни непогоди не постојат.

Илустрации:




Слика 1: Христијански верски храмови на територијата на општина Штип;




Слика 2: Христијански верски храмови во градот Штип и неговите приградски населби;

---

[15] Исто.




Слика 3: Христијански верски храмови во градот Штип и приградската населба Ново Село и нивната изложеност на опасности;




Слика 4: Христијански верски храмови во приградските населби Караорман, Железничка, Три Чешми и Балканска (Свињогојство) и нивната изложеност на опасности;




Слика 5: Христијански верски храмови во руралниот дел на општина Штип и нивната изложеност на опасности.